Врз основа на член 14 став 4 и 15 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002) и член 38 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/2006 и 8/2010), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 19.10.2023 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2023 година

**Член 1**

Во Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.17/2022 и 9/2023), во член 2 став 1, износот „26.850.242,00 денари", се заменува со износот „29.350.242,00 денари".

**Член 2**

Во членот 2, табелата се заменува со нова табела:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **J** | | **Комунални дејности** | **29.350.242,00** |
| **1** | | **Ј6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 3.500.000,00 |
| **2** | | **ЈД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 24.350.242,00 |
| **3** | | **ЈФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 1.500.000,00 |
| | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **29.350.242,00** |

**Член 3**

Во член 3 став 1, износот „26.850.242,00  денари", се заменува со износот „29.350.242,00 денари".

**Член 4**

Во членот 3, во табелата во делот „Програма ЈД – Изградба и реконструкција на општински патишта и улици", износот „21.850.242,00 " се заменува со износот „24.350.242,00".

Во истата програма ЈД, во делот „потпрограма ЈД0 - Изградба и реконструкција на општински патишта и улици", износот „21.450.242,00 " се заменува со износот „23.950.242,00".

**Член 5**

Во членот 3, во делот „Вкупно", износот „26.442.360,00 денари", се заменува со износот „29.350.242,00 денари".

**Член 6**

Во членот 3, табелата се заменува со нова табела:

| Надлежност | Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **J** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **29.350.242,00** |
| | **Ј6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 3.500.000,00 |
| | **ЈД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 24.350.242,00 |
| | **ЈФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 1.500.000,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **29.350.242,00** |

**Член 7**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-1666/1
19.10.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија

***Патрик Матх***
**с.р.**